## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**2752.**

Врз основа на член 58 од Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија'' бр.32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08, 105/09, 34/10, 24/11, 55/11 и 135/11), министерот за финансии донесе

### ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Правилникот за изменување на Правилникот за спроведување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/12) членот 7 се брише.

Член 2

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за спроведување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/12), членот 3 се брише.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 20-29127 /1
21 август 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**2753.**

Врз основа на член 93, став 2 од Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10 и 53/11), министерот за здравство донесе

### ПРАВИЛНИК ЗА ЛИСТАТА НА АКТИВНИТЕ СУПСТАНЦИИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО БИОЦИДНИ ПРОИЗВОДИ, ЛИСТАТА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО НИСКОРИЗИЧНИ БИОЦИДНИ ПРОИЗВОДИ И ЛИСТАТА НА БАЗИЧНИ СУПСТАНЦИИ, ТИПОТ НА БИОЦИДНИТЕ ПРОИЗВОДИ, КАКО И НИВНИОТ ОПИС (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува листата на активните супстанции за вклучување во биоцидни производи, листата за вклучување во нискоризични биоцидни производи и листата на базични супстанции, типот на биоцидните производи , како и нивниот опис.

Член 2

Активните супстанции што се користат во биоцидните производи, активните супстанции кои се употребуваат во ниско ризични биоциди, базичните супстанции, нивното хемиско/генеричко име, видот на биоциден производ во кој можат да се употребуваат, минималното ниво на чистота на активната супстанција, како и специфичните услови за нивно ставање во промет и користење се дадени во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Директива 98/8ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 16 февруари 1998 во однос на ставањето на биоциди во промет (OJ L 123, 24.4.1998), број 31998L008

Член 3

На секој биоциден производ според типот му се доделува ознака на производниот тип (PT) и соодветен број.

Член 4

Биоцидните производи според типот се распоредуваат во групи, и тоа:

1. Дезинфициенси и биоцидни производи за општа употреба
2. Конзерванси
3. Биоцидни производи за сузбивање на штетници
4. Останати биоцидни производи.

Член 5

Во групата на дезинфициенси и биоцидни производи за општа употреба спаѓаат следните типови на биоцидни производи:

1. Биоцидни производи за лична хигиена на луѓе (PT1)

Биоцидните производи PT1 се користат за одржување на лична хигиена на луѓето.

2. Дезинфициенси и други биоцидни производи кои се користат во домаќинствата и во јавно здравствените објекти (PT2)

Биоцидните производи PT2 се користат во домаќинствата, јавни и индустриски објекти, вклучително и во болници, за дезинфекција на воздух, површини, материјали, опрема и мебел кој не е во директен контакт со храна за луѓе или животни. Во овој тип спаѓаат и биоцидни производи кои се користат како алгациди.

Биоцидните производи PT2 се користи и во базени, аквариуми, вода за капење и други намени, во клима уреди, за ѕидови и подови во здравствени и други установи, хемиски тоалети, отпадни води, болнички отпад, земја и други подлоги (на игралишта).

3. Биоцидни производи за хигиена во ветерината (PT3)

Биоцидните производи PT3 се користат за одржување на хигиената во ветерината, вклучително и производи кои се користат во простор во кој се држат, чуваат или транспортираат животни.

4. Дезинфициенси кои се користат за површини кои доаѓаат во контакт со храна за луѓе и животни (PT4)

Биоцидните производи PT4 се користат за дезинфекција на опрема, амбалажа, прибор за јадење, површини или цевководи кои доаѓаат во контакт со храна или пијалоци (вклучително вода за пиење) во текот на производството, траспортот, складирањето или потрошувачката.

5. Дезинфициенси за вода за пиење (PT5)

Биоцидните производи PT5 се користат за дезинфекција на водата за пиење за луѓето и животните.

Во типовите на биоцидни производи од став 1 на овој член не спаѓаат средства за чистење, вклучително и детергентите и сличните производи кои немаат биоцидно дејство.

Член 6

Во групата на конзерванси спаѓаат следните типови на биоцидни производи:

1. Конзерванси за заштита на готови производи (PT6)

Биоцидните производи PT6 се користат за заштита на готови производи кога се во оригинална амбалажа (освен на храна за луѓе и животни), од штетното дејство на микроорганизмите, со цел да се зачува квалитетот на производот до назначениот рок на употреба.

2. Конзерванси за заштита на филмови (PT7)

Биоцидните производи PT7 се користат за заштита на филмови или премази од штетното дејство на микроорганизми, со цел да се зачуваат почетните особи-